ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 25 април 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работна средба со здравствените работници на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева – Змејкова во Тетово



Во рамките на својата посета на општина Тетово, директорката Парнарџиева-Змејкова оствари работна средба со здравствените работници.

Лекарите, фармацевтите и стоматолозите на работната средба беа информирани од директорката Парнарџиева-Змејкова за тековните активности на работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Тие ги поздравија новините кои ги воведе Фондот во однос на упатувањето на пациентите на повиско ниво на здравствена заштита, како и во однос на електронското работење и пријавување и одјавување на пациентите. Истовремено, лекарите го искажаа своето задоволство од начинот на соработка што го остваруваат со Фондот, кој внимателно ги анализира барања на лекарите и во рамките на своите надлежности ги реализира.

Директорката Парнарџиева Змејкова ја искажа својата подготвеност за продолжување на редовните средби со лекарите и аптеките, затоа што успешната соработка се должи токму на редовната информираност на Фондот од страна на лекарите и аптеките за тешкотиите кои треба да се надминат. Средбите ќе продолжат и во иднина, преку доставување на информации до подрачната служба на Фондот во Тетово и централата како и преку редовни едукативни работилници и состаноци.